Врз основа на член 30 од Статутот, Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, распишува:

# К О Н К У Р С

за награди и признанија за 2025 година

**Член 1**

Конкурсот има три категории:

1.1 Најдобра установа од обласга на заштитата, образованието и рехабилитација на лицата со попреченост во однос на организацијата на работата, успешно извршување на програмските задачи и постигнатиот успех во работата со учениците односно корисниците во текот на годината;

1.2 Најдобар корисник на установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со попреченост, во текот на година;

1.3 Најдобар практичар вработен во установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со попреченост, во текот на годината.

**Член 2**

Конкурсот го распишува Комисијата за награди и признанија формирана согласно одлуката на Претседателството на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Критериумите и постапката за доделување на наградите во сите три категории се во согласност со Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување награди, признанија, повелби, плакети и благодарници за заслужни членови и граѓани, усвоен од страна на Собранието на Сојузот.

**Член 4**

За првата категорија се доделува признание а за втората и третата категорија признание и парична награда од 10.000,00 денари. Наградите ги обезбедува фондација "Проф. д-р Љупчо Ајдински".

**Член 5**

Пријавите за конкурсот треба да се достават на адреса ул.11 октомври бр.42 Скопје или на е-маил: sojuz_defektolozi@yahoo.com најдоцна до 23-ти април 2026 година .

**14.03.2026 год**.

Претседател на Сојузот
Горан Петрушев